**Извештај за работата на Одборот на директори на**

**ВВ Попова Кула АД во 2022 година**

Одборот на директори на ВВ Попова Кула АД во текот на деловната 2022 година одржа 5 состаноци, притоа дел од состаноците имаа неколку продолженија. Два состаноци се одржаа со физичко присуство, а три он-лине со користење на гоогле-меет платформата, членовите на одборот учествуваа во работата на одборот како што следи:

- Григори Поповски претседател и неизвршен член на одборот на директори присуствуваше во работата на сите 5 состаноци на одборот;
- Јордан Трајков извршен член на одборот на директори присуствуваше во работата на сите 5 состаноци на одборот;
- Климе Бабунски неизвршен член на одборот на директори присуствуваше во работата на 4 состаноци, а на еден состанок по точките на дневен ред се изјасни со е-маил порака;
- Ивона Колева неизвршен член на одборот на директори учествуваше во работата на 4 состаноци на одборот, а на еден состанок по точките на дневен ред се изјасни со е-маил порака;
- Златко Данев неизвршен член на одборот на директори учествуваше во работата на 5 состаноци на одборот.

На сите овие состаноци од кои некои се одржуваа во неколку продолженија, континуирано се разгледуваа и се разговараше за исклучително сложените услови за работење предизвикани од војната во Украина кои се надоврзаа на веќе постоечките сложени услови на работење предизвикани од светската здравствена криза, со посебен осврт на конкретните проблеми во работењето со кои се соочува Друштвото, како што се:

- отсуството на стратешки купувач-партнер;
- континуираното и драстично покачување на цените на енергенсите, репроматеријалите, трошоците за транспорт, посебно значајно кај поморскиот транспорт;
- пролонгирање на роковите за достава на репроматеријалите, пролонгирање на роковите за транспорт на готовите производи, посебно при поморскиот превоз;
- континуираниот проблем со работната сила односно континуираниот недостаток на потребен персонал посебно во делот на туризмот;

Посебно внимание и поголем дел од времето во своето работење одборот ги насочи кон разгледување на можни правци во развојот и понатамошното работење на Друштвото.

Врз основа на информации и усмени извештаи од извршниот директор за актуелната ситуација и предизвиците во работењето со кои се соочува Друштвото беа донесени краткорочни и подолгорочни задачи.

Како краткорочни задачи беа потврдени задачите донесени од состаноците во претходната 2021 година:

- за тековно надминување на континуираниот проблем со недостаток на квалификувани работници, посебно во делот за туризам, но исто така и во винарството и лозарството;
- за менаџирање и одржување на добрите односи со разните добавувачи во услови на глобално отежнато финансиско работење, достапност на производи и продолжени рокови на испорака;
- менаџирање и одржување на релации со цел задржување на постојани купувачи во странство и активно работење на изнаоѓање нови;
- активно работење на остварување колку е можно подобра сезона во делот туризам (хотел и ресторан) преку изнаоѓање и генерирање нови содржини и понуди, а со цел задржување на традиционалните гости и деловни партнери, но и барање нови;
- следење на тековните движења на пазарот на грозје со цел носење квалификувана одлука во поглед на берба 2022;

Долгорочни задачи:

- одржување на стратешко планирање;
- продолжување и интензивирање на активности во поглед на изнаоѓање квалитетни и одржливи извори на финансирање со цел унапредување на понудата во туризмот, воведување нови содржини и услуги, што ќе доведат до надминување на сезонскиот карактер на овој дел од бизнисот;
- активно следење на повиците за користење на средства од ИПАРД програмите, а со цел обновување на постоечката опрема, како и набавување нова опрема во делот винарство;
- активности односно следење на движењата на пазарот за грозје со цел за донесување на квалификувана одлука во поглед правците на делување во растителното производство;
- активности во поглед на зголемување на процентот на искористеност на инсталираниот производен капацитет.

Во својата работа во 2022 година одборот на оделни седници ги донесе следниве позначајни одлуки:

- Одлука за задолжување со бескаматен кредит од МБПР, а со цел враќање на постоечки кредит од МБПР;
- Одлука за аплицирање на повик за користење на средства од ИПАРД фондовите;
- Одлуки за бришење на подружници;
- Одлуки за прифаќање на неревидирани и ревидирани финансиски извештаи;
- Одлука за свикување на редовно годишно акционерско собрание и дневен ред;
- Одлука за отпочнување постапка за барање на нов ревизор;
- Одлуки за попис и пописни комисии;

Одборот донесе и нов ревидиран деловник за работа.

На оделните седници одборот беше информиран за:

- остварената продажба во конкретниот период и кумулативно;
- за апликацијата поднесена за користење средства од ФИТР (фонд за иновации и технолошки развој);
- извештај за берба 2022;

- добивање на нов ДУП и извештај и расправа за инвестиција во фотоволтаици;
- извештај за деловна посета на Финска и УСА каде се реализира прва испорака кон нов купувач;
- континуираниот проблем со работна сила и активности кои се преземаат за надминување на овој проблем, вклучително и разгледување на можности и активности за носење на работници од странство.